**2383.**

Врз основа на член 58 став 3 од Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/12), директорот на Државниот архив на Република Македонија, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ИНСПЕКТОРОТ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на легитимацијата на инспекторот на Државниот архив на Република Македонија и начинот на нејзино издавање и одземање.

Член 2

Образецот на легитимацијата на инспекторот на Државниот архив на Република Македонија се печати на хамер хартија во бела боја, во правоаголна форма со димензии 15 Х 11 см, сместен во дводелен кожен повез со кафеава боја.

Образецот на легитимацијата на инспекторот на Државниот архив на Република Македонија е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

На предната страна од корицата на легитимацијата во горниот дел со златно жолта боја е втиснат грбот на Република Македонија, а под него е отпечатен текст во златно жолта боја: Република Македонија, Државен архив, а во средината текст: Легитимација на инспектор на Државен архив.

На внатрешната лева страна од образецот е отпечатен текст: Република Македонија, под него Државен архив на Република Македонија, инспектор, место за фотографија со димензии 2,5 џ 3,5 см, име и презиме на инспекторот, потпис на инспекторот, регистарски број на легитимацијата, датум на издавање, потпис на директорот на Државниот архив на Република Македонија и место за печат.

На внатрешната десна страна од образецот отпечатен е текст: Инспекторот на Државниот архив врши инспекциски надзор согласно член 55 и член 57 од Законот за архивски материјал.

Член 3

Легитимацијата има важност се додека лицето на кое му е издадена има службено својство на инспектор.

Инспекторот на Државниот архив на Република Македонија по престанување на службеното својство на инспектор ја враќа легитимацијата.

Член 4

Во случај на губење на легитимацијата инспекторот на Државниот архив на Република Македонија најдоцна за три дена го известува Државниот архив на Република Македонија, кој по огласувањето на неважечка му издава нова легитимација.

Легитимацијата се заменува со нова и во случај кога поради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива како и во случај кога има промена во личните податоци на инспекторот на Државниот архив на Република Македонија.

Легитимацијата која се заменува со нова, се поништува.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1652/1
9 јули 2013 година
Скопје

Државен архив
Република Македонија
Директор,
д-р **Зоран Тодоровски,**
с.р.

Службен весник на Република Македонија



ПРИЛОГ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Државен архив на Република Македонија

ЛЕГИТИМАЦИЈА
НА ИНСПЕКТОР НА ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

---

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Државен архив на Република Македонија

ИНСПЕКТОР

Фотографија
2,5џ3,5

____________________
(име и презиме)

____________________
Потпис на инспекторот

__________ __________
Регистерски број Датум на издавање

____________________ МП
Директор на Државен архив
На Република Македонија

Инспекторт на Државниот архив на Република Македонија врши инспекциски надзор согласно член 55 и 57 од Законот за архивски материјал